**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Број 08-1077/1**
**Од 19.05.2022 година**
**Скопје**

**До**
**Членовите на советот на**
**Општина Ѓорче Петров**

**Врз основа на член 39 и 48 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.3/19 и 5/21) и член 39 од Деловникот за работа на советот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.12/06), се донесува:**

# Р Е Ш Е Н И Е
## за свикување на Четиринаесеттата седница на советот на Општина Ѓорче Петров

**Ја свикувам Четиринаесетата седница на советот на Општина Ѓорче Петров.**

**Седницата ќе се одржи на ден 26.05.2022 година (четврток), со почеток во 11:00 часот, во Салата за состаноци на Општина Ѓорче Петров.**

**За седницата го предлагам следниот:**

## Д н е в е н р е д:

1. **Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Ѓорче Петров за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 до 31.03.2022 година;**
2. **Предлог – Одлука за измена на распоред на средства на буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година во колона донации;**
3. **Предлог – Одлука за одобрување кофинансирање за реализација на проектот „Реконструкција на ОУ во с.Кучково и негова пренамена во регионален центар за рехабилитација на деца лекувани од канцер";**
4. **Предлог – Одлуки за давање согласност на Статутарни одлуки за измени и дополнувања на статутите на општинските Основни училишта („Ѓорче Петров" – Скопје, „Мирче Ацев" – Скопје, „Димитар Поп Георгиев – Беровски", „Страшо Пинџур", „Тихомир Милошевски" и „Јоаким Крчоски") и**
5. **Советнички прашања.**

**Ве молиме за присуство на седницата, а во случај на спреченост известете на тел. 2039-307 или 2044-411, Одделение за Нормативa.**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**